Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 02-693/3
28-06-2023 2023 година
СКОПЈЕ

Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно чл.19 став 1 алинеја 1 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.274/19, 186/20 и 5/23), ја донесе следната

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАСПОРЕДОТ**
**за работа на Судскиот совет на РСМ за тековната 2023 година**

Во Распоредот за работа на Судскиот совет на РСМ за тековната 2023 година бр.02-2320/1 од 30.12.2022 година се врши измена и дополнување така што во дел I став 1 точка 1 во Распоредот за работа на Судскиот совет на РСМ за 2023 година се менува и гласи:

**Павлина Црвенковска** се определува како координатор за презентирање на седница на Советот на тримесечните и годишните извештаи за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Апелациониот суд Скопје и основните судови основани на неговото подрачје во Велес, Гевгелија со Судско одделение во Валандово, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје, како и Апелациониот суд Гостивар и основните судови основани на неговото подрачје во Гостивар, Тетово, Кичево со Судско одделение во Македонски Брод и Дебар. Во случај на отсуство како заменик координатор за презентирање на седница на Советот на тримесечните и годишните извештаи се определува - Ханиф Зендели.

Во дел I став 1 точка 2 се дополнува и гласи: Мери Радевска се определува за координатор за следење на работата и на Врховниот суд на РСМ.

Во дел I став 1 точка 3 се дополнува и гласи: м-р Миљазим Мустафа се определува за координатор за следење на работата и на Виш управен суд.

Во дел I став 1 точка 5 се брише.

Во дел I став 1 точка 7 се дополнува и гласи: **м-р Ивица Николовски** се определува за координатор за следење на работата и на Апелационен суд Скопје.

Во дел I став 1 точка 9 се дополнува и гласи: **Лорета Горгиева** се определува за координатор за следење на работата и на Основен суд Гостивар.

Во дел I став 1 точка 10 се дополнува и гласи: **м-р Селим Адеми** се определува за координатор за следење на работата и на Основен суд Струмица.

Во дел I став 1 точка 11 се дополнува и гласи: **Мирсад Суроји** се определува за координатор за следење на работата и на Основен суд Велес.

Во дел II став 6 во Распоредот за работа на Судскиот совет на РСМ за 2023 година се менува и гласи:

„За следење на Стратегијата за човечки ресурси за судската мрежа се определува членот на Судскиот совет-**м-р Селим Адеми.**

Во дел II став 8 во Распоредот за работа на Судскиот совет на РСМ за 2023 година се менува и гласи:

„За следење на Стратегијата за комуникација на Судскиот совет се определува членот на Судскиот совет-**м-р Тања Чачарова Илиевска.**

Во дел III став 1 точка 5 се брише делот кој гласи:

**Владимир Станковиќ** се распоредува за работа со членовите на Советот-Зоран Герасимовски и Мирјана Радевска Стефкова.

Во останатиот дел Распоредот за работа на Судскиот совет на РСМ за тековната 2023 година останува неизменет.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Сашко Георгиев**

Одобрил; Весна Толева